# FOREVER

N. MACEDONIA

Мај 2020 | Број 223

## НАДМИНУВАЊЕ НА ТЕШКОТИИТЕ СО СИЛА И БЛАГОДАРНОСТ
Rex Maughan

## ПОДАДЕНАТА РАКА ЗА ПОМОШ НÈ ПОДИГА СИТЕ
Gregg Maughan

## ИСКРЕНО СЕ НАДЕВАМЕ ДЕКА СТЕ ДОБРО!
Стефан и Тања Стаеви




FOREVER®

# Подадената рака за помош нè подига сите














**Во тешки времиња човек лесно може да падне со духот и да се обесхрабри од негативизмот. Но често во тешките периоди има далеку повеќе позитивни пораки и луѓе кои се подготвени да помогнат, отколку што може да претпоставите.**

Точно тие нѝ помагаат да поминеме низ искушенијата, не за да добијат пофалба или признание, туку затоа што горат од желба да им помагаат на другите.

Во последните месеци сите почувствувавме како се промени нашиот живот, кога првата мисла на луѓето е взаемно да си помагаат. Многумина од нас не излегуваат и работат од дома за да придонесат за забавување на пандемијата која се одрази на сите видови бизнис во целиот свет. Но зад кулисите имаше и продолжува да има смели луѓе со желба да подаваат рака за помош.

Лекари и медицински сестри кои не само што обезбедуваат критично важна нега, туку се стремат да посветат внимание и на секојдневните здравствени потреби на своите пациенти. Работници во складови и возачи на камиони го поткрепуваат нашиот глобален ланец на снабдување. Други се грижат рафтовите во продавниците за храна да се исполнети со производите кои ни се потребни. Овие вработени се она што ги поврзува нашите заедници.

И во добрите и во лошите времиња, оние што сакаат да им помагаат на другите прават нешто прекрасно и не очекуваат многу фанфари или внимание. Помеѓу нив има и толку многу членови на семејството на Форевер кои произведуваат, пакуваат и ги испраќаат нашите производи низ целиот свет, за да го поткрепат вашиот Форевер бизнис и здравјето и благосостојбата на вашите семејства и клиенти.

Ете зошто знам колку многу им значеше на сите вработени во складовите и производството на Форевер да го видат и прочитаат излевањето на поддршка од многумина од вас во последните неколку месеци.

Продолжете да изразувате благодарност кон сите, благодарение на кои не само Форевер, туку и целиот свет продолжува да се движи дури и во несигурните времиња. Од вработените во продавниците за храна до куририте – не пропуштајте ниту една можност да им благодарите на луѓето кои нè поткрепуваат со ризик за самите себе си.

Можеби веќе сте еден од оние кои подаваат рака за помош. Ако е така, најискрено ви благодарам. Ако пак не сте, го поканувам секој од вас да размисли како може да ја поткрепи каузата и да олесни нечиј живот барем малку. Може да е со нешто сосем едноставно како да пазарувате за возрасен сосед, да се јавите на пријател со кого не сте се слушнале извесно време, или да прашате како можете да помогнете.

Секогаш стремете сè да сте дел од доброто, едноставно фокусирајте сè на малите нешта кои можете да ги правите за другите. Со физичка поткрепа или само со добар збор можете да бидете подадена рака за помош која ќе подигне некого.

**Продолжете да се насмевнувате,**

**Gregg Maughan**
Претседател на Форевер Ливинг Продактс




# Надминување на тешкотиите со сила и благодарност



**Поминувањето низ тешки периоди нè прави поиздржливи. Но моето искуство покажува дека може да нѝ е тешко да забележиме точно колку издржливи сме станале, додека уште се наоѓаме во виорот на бурата и се обидуваме да се справиме со неа.**

Одвојте момент за да застанете и да размислите како сте реагирале на минатите предизвици во вашиот живот, адаптирајќи се, учејќи нови вештини и задржувајќи го позитивниот став.

Ситуацијата во која се наоѓаме во моментот е невидена. Нашето Форевер семејство остана сплотено и иако не можеме секогаш да сме заедно физички, верувам дека ова искуство на сите нѝ помогна да се поврземе уште подобро меѓу себе. Организиравме повеќе онлајн обуки, откривме нови начини да комуницираме дигитално и имавме можност да ја споделиме возбудата и страста за време на онлајн емитувањето на Глобалното рели.

**КОГА ЌЕ ПОГЛЕДНЕТЕ НАЗАД, МИСЛАМ ДЕКА ЌЕ ОТКРИЕТЕ НЕ САМО КОЛКУ ПОИЗДРЖЛИВИ СТЕ СТАНАЛЕ, ТУКУ И ДЕКА СТЕ ПОБЛАГОДАРНИ ЗА ЛУЃЕТО И ИСКУСТВАТА КОИ ВИ ПОМАГААТ ДА СЕ ЧУВСТВУВАТЕ КОМПЛЕТНИ.**

И додека на светот ќе му треба време да се врати во нормала, знам дека секој од нас и нашиот Форевер бизнис ќе излезе од тешката состојба посилен од кога било. Ова продолжено време кое ни се наложи да го поминуваме дома, беше период на самоанализа и можност да погледнеме од нова перспектива што е вистински важно и задоволително. Кога ќе погледнете назад, мислам дека ќе откриете не само колку поиздржливи сте станале, туку и дека сте поблагодарни за луѓето и искуствата кои ви помагаат да се чувствувате комплетни.

Пред само неколку месеци нешто толку едноставно како топла прегратка од омилен човек, собирање со пријатели покрај масата или да отидеш со своето семејство во полн парк во сончев ден, нѝ се чинеше рутинско. До одреден степен, мислам дека сите можеби сме ги земале здраво за готово овие навидум мали задоволства.

Знам дека треба да помине многу време пред некогаш одново да ни се чинат толку нормални што речиси и да не ги забележуваме. Пријателска прегратка, човечки допир или сончев ден со пријатели се убави искуства кои ќе ни се чинат уште поневеројатни кога ќе бидеме слободни повторно да се собираме.

Ве поканувам да забележите сè што сте научиле за вашиот бизнис и за самите себе за време на овој уникатен период од нашите животи. Размислете како успеавте да комуницирате со луѓето за кои се грижите и да го споделите вашиот бизнис, иако не сте можеле да го напуштите вашиот дом. Размислете за сите мали нешта за чие постоење сте биле благодарни и кои никогаш веќе нема да ги земате здраво за готово. Нека научените лекции и развиените вештини ве поттикнат вас и вашиот бизнис.

Да можеш да го видиш светот од нова гледна точка е резултат од тешки и несигурни времиња. Вашата благодарност нека биде катапулт кон успешна иднина!

**Засекогаш Ваш,**

**Rex Maughan**
Главен извршен директор на ФЛП

# Како да го започнете вашиот бизнис со 20 клиенти на алое пијалаци

## Алое секој ден

Иако многу од нашите производи се создадени за секојдневна или редовна употреба, некои често се користат повеќе од месец што значи дека можностите за повторни продажби се поретки. Од друга страна, ако вашите клиентите сакаат да го почувствуваат оптималното дејство на ГЕЛОТ од АЛОЕ ВЕРА, треба да пијат најмалку по 120 мл секој ден. Затоа, ако имате солидна база од клиенти кои пијат алое, секогаш ќе можете да сметате на стабилен доход од продажби.

## Вашите клиенти ќе го забележат полезното дејство

Запомнете дека алоето го поддржува здравјето на кожата и функцијата на имуниот систем, како и дека во нашите алое пијалаци има додадено витамин С – одличен антиоксидант кој придонесува за заштита на клетките од оксидативен стрес. Нашите алое пијалаци имаат многу корисни својства, па така ако вашите клиенти пијат по 120 мл на ден и следат како се чувствуваат во продолжение на еден до три месеци, најверојатно ќе ја забележат позитивната разлика.

## Бодови

ГЕЛ ОД АЛОЕ ВЕРА ви носи 0,101 б. Под претпоставка дека секој од вашите клиенти пие по 120 мл секој ден, значи ќе му требаат најмалку три опаковки на месец, а тоа е 0,303 б. Така базата од 20 редовни клиенти кои пијат алое ќе ви носи по 6.060 б. месечно – малку над целта од 4 б. за активност и тоа уште пред да сте започнале да продавате некои од другите продукти. Не е лошо како за почеток!

## Како да си создадете база од клиенти?

Започнете така што сами ќе станете амбасадори на производите. Секогаш е добро да ги имате при рака секој од различните вкусови пијалаци, носете ги на работа и пијте додека сте таму. Носете ги пијалаците со себе, а кога луѓето ќе ја приметат опаковката и ќе ве прашаат што пиете, бидете подготвени да им раскажете за различните ползи од алое вера!

Можете да стигнете до повеќе луѓе и кога правите презентации за производите. Тие се одлична можност за активна интеракција со луѓето и да споделите детали за пијалаците. Идеалниот момент да поговорите за растението алое вера и за многуте бенефиции од алое пијалаците е додека им предлагате на гостите да ги пробаат различните вкусови на гелот од алое. Поставете си за цел на секоја презентација на производи да добиете по три нови фанови на алое пијалаците, така што ќе го споделите личното искуство и внимателно слушате кои се потенцијалните потреби на секој гост. Корисни совети како да организирате успешни презентации на производи ќе најдете во прирачникот „Први чекори до Менаџер“. Ако остварите продажба, важно е да го следите клиентот за да се уверите дека се чувствува добро користејќи ги производите. И кога веќе знаете дека клиентот е задоволен од консумацијата на пијалаците, можете да му предложите да вклучи и дополнителни производи.

Ете како да го стекнете првиот редовен клиент и можете да продолжите да го правите истото, додека бројот на љубителите на пијалаците од алое и вашите редовни клиенти не стигне 20!






# Искрено се надеваме дека сте добро!



Драги пријатели, сопственици на Форевер бизнис,

Во овие денови на предизвици, првото нешто што сакаме да ви кажеме е дека искрено се надеваме дека вие и луѓето околу вас сте добри!

Соработката со Форевер ни дава одлична можност да не се грижиме дали ќе имаме работа и доходи во овие доста тешки за многумина околу нас седмици и месеци. Нашите производи и маркетинг планот беа и продолжуваат да бидат одлична поткрепа за нашиот организам и за финансиската стабилност во време кога секој има потреба од нив. Во тешки околности Форевер Бугарија и С.Македонија во март го реализираа најдобриот месец од отворањето на канцелариите во нашите две држави. И не сакаме да бидеме погрешно разбрани – многу добро знаеме дека „заслуга“ за тоа донекаде имаат и непријатните околности, но главната причина за овој успех сте сите вие – одличните соработници и пријатели на Форевер! Ви благодариме од срце за храброста и постојаните усилби да сте од корист на вашите тимови, на клиентите и на сите околу вас! Ви благодариме што брзо ги престроивте вашите системи за работа така што се што досега правевте преку лични средби, разговори, презентации и обуки, сега успевате да го правите и тоа не помалку успешно од вашиот дом, разумно во согласност со потребните ограничувања во овие времиња.

Денес кога имате можност да разговарате со многу луѓе околу вас, за кои досега не сте имале толку многу време, сакаме да ви дадеме неколку совети за водење на разговорите. Сметаме дека ако ги следите ќе можете да бидете многу покорисни и за вашите познати, и за својот бизнис.

- Започнувајте ги разговорите како вистински пријатели, а не како трговци. Прашајте како е вашиот пријател, колега, роднина... Покажете загриженост дали е се во ред со неговата работа и здравјето, како и на луѓето околу него.
- Поставувајте прашања за да разберете каква е ситуацијата во која се наоѓа. Работи ли од дома? Како се снабдува со продукти? Со лекарства? Кои се најголемите предизвици и грижи?
- Предложете искрена помош.
- Обидете сè внимателно (но не е задолжително и само ако е можно) да го насочите разговорот кон нашите производи и бенефициите од нивната употреба, како и дека можете да ги испратите или доставите, без да треба да се напушта домот. Бидете креативни, предложете нешто интересно и возбудливо како дополнителен подарок, достава или друго што ја покажува вашата емпатија.
- Одговорете на прашања, објаснете внимателно, бидете трпеливи, не инсистирајте при откажувања и оставете впечаток дека јавувањето ви е од сосема искрени чувства на емпатија и подготвеност да помогнете.

И не се грижете ако не завршите со продажба по секоја цена. Сигурни сме дека луѓето ќе ја ценат вашата загриженост и вечно ќе ве ценат како пријатели и соработници. А тоа е највредното нешто, зарем не? И порано или подоцна, ќе го направи вашиот бизнис поуспешен и стабилен.

Ве сакаме сите! Чувајте сè и бидете максимално разумни, за да може колку е можно побрзо да се видиме и да ги празнуваме вашите успеси заедно!

**Секогаш со вас!**

***Стефан и Тања Стаеви***

# Алое




Веројатно се прашувате зошто сме луди по ова сеприсутно растение, особено кога има над 300 видови алое ширум светот. Ние се фокусираме на типот за кој се верува дека е најмоќен и најкорисен за луѓето и животните - Алое Барбаденсис Милер.

Алое вера е сочна билка која успева во сушни региони и Форевер поседува повеќе од 6.500 хектари земјиште во земји кои нудат совршена клима. Ова земјиште е поделено на три плантажи - по една во Мексико, САД и Доминиканска република – и тука произведеното Алое Барбаденсис Милер сочинува над 60% од комерцијално одгледано алое вера во светот. Всушност Форевер е најголемиот светски одгледувач, производител и дистрибутер на производи на база алое, па ако постои некој производ од алое на кој можете да верувате, тој припаѓа на Форевер!

За разлика од другите брендови на пазарот, производите на Форевер од алое имаат висока чистота. Ние го контролираме секој дел од процесот, од полињата до фабриката, па дури и го патентиравме процесот на стабилизација на алоето, така што неговата чистота и корисни својства остануваат непроменети. Одгледувањето на сопствено алое вера значи дека можеме да следиме точно како се одгледува културата, какви видови ѓубрива се користат и специфичните процеси низ кои поминува пред конечно да се додаде во други природни, чисти и моќни состојки кои ги сочинуваат нашите производи за здравје и убавина. Може да потрае три години за алоето да созрее, а кога е спремно, листовите се берат рачно, се транспортираат, се мијат и се филетираат. Гелот во внатрешноста на листовите е полн со хранливи материи. За да се обезбеди квалитет и чистота на оптимални нивоа, сите листови се обработуваат и пакуваат за испорака до нашите производствени капацитети во рок од неколку часа по бербата. Неколку минути по филетирањето, суровиот гел се стабилизира бидејќи со тоа се зачувуваат хранливите соединенија и природната моќ на алоето.

Овој процес Форевер со децении го усовршува, бидејќи веруваме во најдобро. Инвестираме во луѓе, земјоделци и вработени во фабриките, научници во Aloe Vera of America кои напорно работат на развивање и подобрување на формулите, и гарантираме дека нашите практики остануваат етички, безбедни и корисни и за економијата и за животната средина. Инвестираме во тим за контрола на квалитет, високо квалификуван тим хемичари и микробиолози ја тестираат секоја состојка на секоја серија. Сите суровини се темелно тестирани за да се утврди дека нема траги од микроби, габи или тешки метали, а овие суровини се тестираат повторно пред да поминат низ процесот на производство, и неколку пати по завршувањето на финалниот производ. Овие тестови се потврда дека се исполнети вистинските спецификации за pH, вискозност и вкус.

Квалитетот и количината на алое која се користи во производите е важна ако сакате да имате корист од хранливите својства на алоето. За жал, според студијата нарачана од американскиот весник Bloomberg, некои угледни трговци на мало продаваат производи кои воопшто не содржат алое иако на пакувањето декларираат дека содржи алое како состојка! За да се спречат такви неетички практики, Меѓународниот научен совет за алое (IASC) е основан во осумдесетите години минатиот век, за да понуди независен програм на сертификација кој ќе ги следи и количината и квалитетот на алое вера во производите за широка потрошувачка. IASC има силен етички кодекс и спроведува строг програм на инспекција на производи на база на алое, поради што треба да се осигурате секој алое производ кој го купувате да го прикажува логото IASC. Производите на база алое вера на Форевер биле првите кои го добиле

меѓународниот печат на IASC за конзистентност и чистота. Всушност, кога компанијата го тестирала Forever Aloe Vera Gel, пијалокот се покажа дека ги надминува строгите стандарди на IASC!



## Здравје и благосостојба

Поради високиот процент на алое и патентираниот процес што го поминува, Forever Aloe Vera Gel  е неверојатно близу до чистиот гел од внатрешноста на листовите. Ова значи дека гелот со  необичен вкус е преполн со својства и хранливи материи кои ќе направат чуда за вашата кожа, имунитет, дигестија и целосна благосостојба! Искрено, иако неговиот вкус веројатно нема да  донесе радост на вашето сетило за вкус, кога ќе започнете секојдневно да го пиете, ќе почнете да забележувате разлика во начинот на кој се чувствувате, а тоа е затоа што гелот е природен чистач кој обезбедува многу благодети.

## Кожа

Поврзаноста на алое со здравјето на кожата не е ништо ново - легендата нѝ кажува дека кралицата Клеопатра користела алое за да ја одржи нејзината кожа мека и убава. Долгогодишните студии спроведени од научниците на Форевер и експертите за алое нè научија како да направиме ефективни производи кои комбинираат алое со состојки кои ги зголемуваат своите придобивки за кожата. Ние се грижиме за сите типови на кожа, вклучително и чувствителна кожа. Имајте предвид дека не само производите за нега на кожата, туку и содржината во чаша со Forever Aloe Vera Gel исто така може да направи чуда за вашиот тен.

## Дигестија

Алоето е многу ценето од многумина поради неговите прочистувачки својства и затоа е идеална дигестивна помош! Чаша со Forever Aloe Vera Gel може да помогне во поддршката на гастро-интестиналното здравје, затоа Forever Aloe Vera Gel  е совршен начин за започнување на денот. Алоето брзо се апсорбира, така што може да започне да функционира веднаш и да ви го даде она што ви треба, кога ви треба најмногу!

## Имунитет

Друга силна придобивка на алоето е тоа што се верува дека придонесува за имунолошката функција. Ако водите активен начин на живот, работите со луѓе, деца или генерално само се грижите за одржување на здравјето, ќе го обожавате Forever Aloe Vera Gel. Сега не зборуваме дека чаша гел на ден ќе го задржи лекарот подалеку од вас, но ние сме прилично убедени дека ако го консумирате гелот доследно во текот на еден временски период, ќе видите разлика во вашето имуно здравје и целокупната благосостојба, и сигурно ќе ви недостасува дневната доза ако ја заборавите!

## Алое за секого

Forever Aloe Vera Gel не е резервиран за одредена демографска структура, тип на личност или професија, овој гел кој го менува животот е за сите - буквално секој има нешто да добие од оваа билка! Форевер нуди неколку вкусови за да ги задоволи оние кои сакаат придобивки без суровиот алое-вкус. Иако може да видите многу ефтини алтернативи на алое на пазарот, важно е да бидете свесни дека многу содржат филери и вештачки бои наместо 100% природна пулпа од алое гел содржана во производите на Форевер. Нема апсолутно никаква смисла да пиете алое ако неговиот вкус не е придружуван од нутритивните придобивки кои го следат квалитетот и чистотата - за алое на кое можете да верувате, изберете Форевер.



# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА МАРТ 2020 ГОДИНА

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Адемај Филорета
2. Ацевска Билјана
3. Блажеска Ирена
4. Брашнарска Кира
5. Буковска Александра
6. Вујовски Дејан
7. Гајдаџиева Александра
8. Гаши Калтрина
9. Гицова Васка
10. Дончева Параскева
11. Ѓорѓевиќ Маја
12. Ѓоргоска Катерина
13. Зимбакова Веца
14. Зивковска Гавриловска Надица
15. Илиеска Николоска Билјана
16. Иванов Васко
17. Јакимовска Јадранка
18. Јовановска Ленче
19. Јовановска Валентина
20. Каровска Александра
21. Кековиќ Анита
22. Костакева Васка
23. Крстев Горан
24. Лазаревска Билјана
25. Мирески Благојче
26. Миткова Татјана
27. Николова Христовска Емилија
28. Николова Иванка
29. Николовска Христина
30. Николовска Милкица
31. Николовски Мартин
32. Нушевска Љубинка
33. Палева Стојаноска Ана
34. Пандиловска Ана
35. Петрова Елизабета
36. Петрушеска Јулијана
37. Радески Тони
38. Ристевска Елена
39. Силјанова Натка
40. Симова Оливера
41. Србуловиќ Маријана
42. Стојаноска Христина
43. Стојковска Оливера
44. Стојковска Соња
45. Тодорова Зорица
46. Тодоровска Валентина
47. Тодоровски Радмила
48. Цабуковска Лидија
49. Шаќири Хурије

## КЛУБ 4

**Клуб 4 – ниво 1**

Јанева Станка
Милеска Билјана
Пипонска Ѓорѓиевска Славица
Постолова Сандра

## ТОП 10

| ВКУПЕН ОБЕМ | НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ |
|---|---|
| 1. Др.Роза Гелевска | 1. Стевица Димовска |
| 2. Славица Донакова | 2. Жарко Георгиевски |
| 3. Стевица Димовска | 3. Елена Гелевска |
| 4. Жарко Георгиевски | 4. Вера Златковска |
| 5. Вера Златковска | 5. Славица Донакова |
| 6. Елена Гелевска | 6. Др.Роза Гелевска |
| 7. Др.Снежана Контра | 7. Слаѓана Маџова |
| 8. Слафко Михајловски | 8. Љубомир Димовски |
| 9. Катерина Трајчевска | 9. Слафко Михајловски |
| 10. Блага Крстеска | 10. Катерина Трајчевска |

facebook

**Следете ја официјалната фејсбук страница Forever Living Products, MK за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like

**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826; 070236609
e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846, 02 2465826 и 070 236609 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.